Архивски број: 08-270/12
17-10-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-270/1 од 3.3.2025 година поднесена од ----- против ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Скопје, за извршена дискриминација врз основ на политичко уверување и имотен статус во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, правосудство и управа и домување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичко уверување и имотен статус во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, правосудство и управа и домување сторена од страна на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Скопје врз -----.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставена е претставка бр. 08-270/1 од 3.3.2025 година, поднесена од страна на ----- за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување и имотен статус во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, правосудство и управа и домување од страна на ЈУМЦСР Скопје.

Во дадената претставка, подносителот наведува дека станува збор за наменски реализирано понеповолно однесување и спречување на реализација на права од страна на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје во врска со побараниот нивни законски придонес за добивање на неопходен документ за лична идентификација. Дополнително на ова, наведено е дека на подносителот не му е дозволено да достави ургенција и дополнување на предметот, што последователно го сторил и преку Народниот правобранител. Оттука, во претставката е истакнато дека диспропорционалниот, односно негативниот ефект кој произлегол од постапките на ЈУМЦСР е поради усно (вербално) препраќање кон невладина организација -----, која немала законски мандат да додели согласност за користење/определување на нивна адреса за изработка на лична карта, како и истакнување на невистини дека подносителот не давал податоци за тоа каде престојува, имајќи го предвид тврдењето дека последните 60 дена пред поднесувањето на претставката престојувал на оддалеченост од 50 метри од полициската станица Центар, која и ја посетувал речиси еднаш неделно со цел евентуално забрзување на постапката.

Оттука, во продолжение на претставката е наведено дека диспропорционалниот, односно негативниот ефект од постапките на Народниот правобранител, во контекст на документите кои подносителот ги имал доставено до нив, во врска со што подносителот тврди дека ниту во наведените документи, ниту во вербалните разговори никогаш не побарал сместување на неговиот син во установа за „бездомни лица“, односно поради неразбирливото тврдење за такво нешто во еден од дописите до Народниот правобранител.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 18.3.2025 година испрати Известување бр. 08-270/2 за произнесување по наводите од претставката до ЈУМЦСР Скопје.

На ден 8.4.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на известувањето за произнесување од страна на ЈУМЦСР Скопје, заведено под арх. бр. 08-270/4.

Во одговорот на претставката, од страна на Службата за старателство и заштита на деца без родители и родителска грижа и старателство и заштита на возрасни и стари лица, најпрво е наведено дека подносителот на претставката се претставил како бездомно лице, при што бил известен дека за да оствари право или услуга преку Центарот за социјална работа, потребно е да има документи за лична идентификација – лична карта и извод од матичната книга на родените, особено кога се работи за полнолетно лице. Оттука, истакнато со оглед на фактот дека подносителот изјавил дека не поседува лична карта, од стручните лица му било објаснето а воедно истиот бил упатен за поддршка и помош за вадење на лична карта во Црвен Крст и Здружение на граѓани -----, поради фактот што наведените организации се партнери за соработка во решавање на појавата на бездомништво, преку давање на соодветни услуги на барателите, а особено давање на поддршка при вадењето на документи за лична идентификација.

Во продолжение на ова, во произнесувањето е наведено дека со оглед на тоа дека стручните лица од ЦСР, при проценка на потребата на лицето покрај документите за лична идентификација, прибира и податоци со опсервација и непосреден увид. Во однос на ова, од страна на Центарот за социјална работа известуваат дека при направената опсервација, утврдиле дека подносителот нема карактеристични белези на бездомно лице. Во оваа насока, наведуваат дека подносителот делува дека редовно одржува лична хигиена, облеката секогаш му е чиста, уредна, а бил забележан дека храна купува во маркети при што не отскокнува по изгледот од останатите купувачи. Дополнително на ова, во произнесувањето е наведено дека подносителот не дал податоци за тоа каде престојува, дали под мост/во напуштен објект/кај пријатели или слично, со цел да се реализира непосреден увид кој претставува задолжителен документ во документацијата која се подготвува за бездомник. Во однос на синот на подносителот, од страна на потенцијалниот дискриминатор наведуваат дека подносителот не дава никакви податоци или документација за лична идентификација.

На крајот на произнесувањето, наведено е дека активно се следи состојбата на подносителот, како и дека од страна на Центарот за социјална работа ќе се обратат до Министерството за внатрешни работи со цел да го проверат податокот во неговиот писмен допис согласно која е наведено дека подносителот и неговиот син се „жртви на тероризам", бидејќи доколку имаат таков статус, истите не би можеле да се сместат во Центар за бездомници, туку би било потребно да се упатат во друга служба.

Во произнесувањето е дополнително наведено дека на 20.3.2025 година од страна на Здружение на граѓани ----- бил доставен допис со кој известуваат дека подносителот на претставката на 12.2.2025 година се обратил до наведеното здружение, при што му било помогнато со донација на храна, облека и останати работи, како и било наведено дека планираат да му дадат поддршка во процесот на вдомување и вработување.

Во однос на контактирањето на подносителот, во произнесувањето е наведено дека по добиениот телефонски број од страна на погоре наведеното здружение, вработените во

Центарот за социјална работа не можат да го добијат, ниту пак можеле да го пронајдат на посочените места на кои подносителот гравитирал.

На 10.4.2025 година, согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата побара дополнителни информации од страна на Министерството за внатрешни работи во однос на постапката за добивање на лични документи на подносителот, при што побара одговор на следните прашања:

- Дали подносителот на претставката за заштита од дискриминација поседува важечка лична карта во моментот на поднесување на барањето за информации?
- Доколку не, дали лицето поднело барање за обновување на последниот важечки документ за лична идентификација?
- Доколку е поднесено барање за нова лична карта, дали е постапено по истото и доколку не, дали постои правна пречка поради која не може на подносителот да му биде издадена нова лична карта?
- Дали постои податок за адресата на која лицето моментално престојува?

На 2.5.2025 година, од страна на Министерството за внатрешни работи беше доставен одговор на барањето за информации во врска со постапката за заштита од дискриминација. Во предметниот одговор, наведено е дека според електронската евиденција на Министерството, во дадениот момент подносителот не поседува важечка лична карта и нема поднесено барање за обновување на последната лична карта која е со истечен рок на важност. Во продолжение на ова, наведено е дека за подносителот во електронска евиденција постои податок за поништено живеалиште.

На 5.9.2025 година, подносителот изврши увид во списите на предметот согласно член 24 од Деловникот за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

На 10.9.2025 година, до Комисијата беше доставена дополнителна документација од страна на подносителот на претставката која се состоеше од Барање за информации до ЈУМЦСР Скопје, испратено од страна на ----- по поведена постапка од страна на подносителот на претставката за заштита од дискриминација, како и документација издадена од Министерството за правда и безбедност на Кралството Холандија.

Имајќи ги предвид погоре наведените прибавени податоци и информации, Комисијата одлучи дека е потребно да биде извршен увид за да се прибават дополнителни информации, а со цел целосно да се утврди фактичката состојба за конкретниот предмет. Оттука, врз основа на член 29 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата на ден 9.9.2025 година изврши увид во просториите на ЈУМЦСР Скопје во врска со претставката бр. 08-270/1, во присуство на социјалниот работник задолжен за работа на случајот на подносителот.

Оттука, на увидот беа побарани дополнителни податоци во однос на постапката на издавање решение согласно кое на лице – бездомник му се дава дозвола да ја искористи адресата на Центарот за социјална работа како адреса на живеалиште/привремено престојувалиште со цел добивање на документи за лична идентификација, согласно Законот за пријавување на живеалиште и престојувалиште на граѓаните. Имајќи ја предвид содржината на одговорот доставен од страна на ЦСР, беше потребна информација во однос на тоа зошто на подносителот на претставката за заштита од дискриминација не му е издадено предметното решение, односно што е тоа што претставува правна пречка за истото, доколку таква пречка постои. Во однос на претходно наведеното, од страна на социјалниот работник кој е надлежен за работа на случајот на подносителот, беше истакнато дека Центарот за социјална работа

континуирано постапува по вакви барања упатени од страна на бездомни лица, при што постапувајќи по истите, биле донесувани решенија согласно кои на лицата им било овозможено да го остварат правото на издавање на документи за лична идентификација на кои е впишана адресата на ЦСР. Оттука, истакнато беше дека при ваквите постапки, Центарот за социјална работа бара дополнителни информации во однос на лицата кои се пријавуваат како бездомници од Министерството за внатрешни работи во однос на статусот на нивното живеалиште/привремено престојувалиште, до Централниот регистар како и до Катастарот за недвижности, со цел да се изврши увид во правата на сопственост кои подносителите можеби ги имаат.

Во однос на конкретниот случај на подносителот, наведено беше дека истиот не се пријавил физички во просториите на ЈУМЦСР Скопје со цел да се спроведе постапката за добивање на потребното решение за тој како бездомно лице да може да добие лични документи со адреса на ЈУМЦСР. Дополнително на ова, од страна на социјалниот работник беше истакнато дека и по контакт со лицата познати како роднини на подносителот, не можел да добие конкретна информација за неговото престојувалиште, односно реонот каде што движи. Притоа, согласно законската регулатива, потребно е присуство на социјален работник за отпочнување на постапката за издавање на лични документи – лична карта на лице бездомник.

Имајќи го горенаведеното предвид, од страна на членот известител на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше дадена информација дека и покрај фактот што подносителот нема домашна адреса за контакт и не користи други средства за контакт, имајќи го предвид фактот дека подносителот на повеќе наврати доаѓал во канцелариите на Комисијата со цел да се информира за текот на постапката за заштита од дискриминација, при следната средба истиот ќе биде упатен директно во Центарот за социјална работа со цел да може да ги оствари неговите законски права како бездомно лице и да биде целосно спроведена постапката за издавање на потребното решение за користење на адресата на ЈУМЦСР Скопје согласно одредбите од Законот за пријавување на живеалиште и престојувалиште на граѓаните.

Земајќи ги во предвид наводите во претставката, одговорот од произнесувањето по истата како и останатите прибавени релевантни факти, докази и информации, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на ЈУМЦСР Скопје врз ----- согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Согласно член 2 став 5 од Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 209/2023)

*„Бездомник е лице кое нема живеалиште и личен документ за идентификација издаден од надлежен орган во Република Северна Македонија."*

Комисијата утврди дека во конкретниот случај, не е исполнета законската дефиниција за дискриминација, односно со подносителот не било постапено понеповолно во споредба со

други лица кои ги поседуваат истите заштитни карактеристики наведени како дискриминаторски основи, а притоа да постојат овие лица како компаратори – лица кои се наоѓаат во споредлива ситуација како и подносителот. Имено, поради фактот што подносителот не се обратил лично и со физичко присуство по отпочнување на постапката до Центарот за социјална работа, следствено на што би се добиле релевантните податоци за да се утврди дека истиот е бездомник, не било возможно целосно да се спроведе постапката согласно која подносителот на претставката би можел да ја искористи и адресата на Центарот како адреса на престојувалиште при пријавување за издавање на документ за лична идентификација – лична карта, согласно член 3 став 6 од Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 209/2023), кој гласи:

*„Бездомник може да пријави живеалиште на адреса на Центарот за социјална работа, или на адреса на физичко лице кое се согласило бездомникот да пријави живеалиште на неговата адреса."*

Во продолжение на ова, Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните меѓу другото, ги уредува и дополнителните чекори од постапката преку која бездомните лица можат да добијат документи за лична идентификација користејќи ја адресата на Центарот за социјална работа со следните одредби:

Член 3-а став 2
*„Бездомник кој пријавува живеалиште на адреса на Центар за социјални работи, барањето од ставот 1 [1]на овој член го поднесува во присуство на службено лице од Центарот за социјални работи."*

Став 11
*„Решението од ставот 10 на овој член се подигнува од страна на бездомникот во присуство на службено лице од центарот за социјални работи."*

Оттука, имајќи ги предвид условите според кои Центарот за социјална работа утврдува дали едно лице е бездомник, односно ги исполнува условите според кои може да ја впише адресата на Центарот како адреса на живеалиште/привремено престојувалиште на лична карта, на подносителот не можело да му биде овозможено да го искористи ваквото право поради фактот што истиот не се обратил лично до Центарот за социјална работа по отпочнувањето на постапка, а вработените во Центарот не успеале да го исконтактираат и покрај дадените податоци за неговата област на престој и движење. Дополнително на ова, потребно е физичко присуство на подносителот заедно со службено лице од Центарот за социјална работа за поднесување на барањето за издавање на лични документи, како и нивното подигнување, следствено на што се утврди дека е неопходно подносителот да се обрати физички до самиот Центар со цел целосно спроведување на постапката и добивање на бараните лични документи.

Следствено на ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на ЈУМЦСР Скопје врз -----.

Оттука, Комисијата го упатува подносителот да се јави во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје со адреса на ул. „Никола Вапцаров" бр. 11, со цел остварување на своето законски предвидено право и целосно спроведување на постапката за добивање на

[1] Барање за пријавување или одјавување на живеалиште

решение согласно кое подносителот како бездомно лице би можел да ја искористи адресата на Центарот при пријавување за издавање на документ за лична идентификација.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Заменик претседателка на Комисијата
Флора Кадриу

Доставено до:

- ЈУМЦСР Скопје, бул. „Климент Охридски“ бр. 15, 1000 Скопје;
- -----, бездомно лице – подигнато лично на адресата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација;